РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
ОПШТИНА ПЕХЧЕВО
Бр 03-1139/1
16.09 ... 24 год
ПЕХЧЕВО

# ОПШТИНА ПЕХЧЕВО

Борис Кидрич 8 2326 ПехчевоРепублика Северна Македонија
Тел/факс ++389 033 44 13 21 + +389 033 44 1 322
e-mail: opstina_pehcevo@t-home.mk www.pehcevo.gov.mk

Градоначалникот на општина Пехчево
објавува
Барање за ПРЕНОС на Б - интегрирана дозвола

Согласно член 124 и член 118 од Законот за животна средина (Службен весник на Р. Северна Македонија бр.53/05,81/05,24/07,159/08,83/09,48/10,124/10,51/11,123/12, 93/2013, 187/13,42/14,44/15, 129/15, 192/15, 39/16 и 99/18 и Службен весник на Р. Северна Македонија бр. 89/22 и 171/22)до градоначалникот на општина Пехчево доставено е барање за пренос на Б-интегрирана еколошка дозвола со бр. 03-866/2 од 15.07.2024год.
Подносител на барањето е:
ДПТПУ НОВА РЕФРАКТОРИ ДОО ПЕХЧЕВО
Ул.„Индустриска„ бр. 6, 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Локација на инсталацијата: Пехчево
и
ДПТПУ КИНГМЕН РЕФРАКТОРИС ДООЕЛ Пехчево
Ул.„Индустриска„ бр. 6, 2326 Пехчево, Република Северна Македонија
Локација на инсталацијата: Пехчево
Контакт лице: Благица Шалеска – Менаџер контрола и развој
Тел: 033/441 -135; фах. 033/441- 358
Категорија на инсталација:
**Индустрија на минерали - Инсталации за ископ, дробење, мелење, сеење, загревање на минерални суровини.**
**Инсталација во која се врши производство на огноотпорни керамички производи со печење.**
Вид активности:постоечка дејност или активност
На локацијата од фирмата Нова Рефрактори ДОО Пехчево, ОПШТИНА ПЕХЧЕВО - е поставена инсталација за производство на огноотпорни производи со печење -опеки и огноотпорни маси со производствен капацитет до 75 тона дневно, односно со проектиран капацитет од 26.500 тони годишно.

Барањето во печатена форма ќе биде достапно за заинтересираната јавност во рок од 15 дена по излегувањето на оваа објава во дневниот печат, во просториите на Одделението за урбанизам, комунални дејности, заштита на животната средина и ЛЕР возградата на Општина Пехчево, на ул. „Равен„ бр. 8, 2326 Пехчево, секој работен ден од 7,30 – 15,30 часот.

Контакт телефон: 033/441-321; лице за контакт: Светлана Стамболиска - Општински комунален инспектор.

Целокупната документација содржана во барањето и активностите кои ќе бидат спроведени од страна на оваа инсталација за заштита и унапредување на животната средина ќе бидат достапни за заинтересирана јавност на веб-страницата на Општина Пехчево www.pehcevo.gov.mk

Засегнатата јавност, во рок од 30 денаод денот на објавувањето на барањето, има право да достави мислење и коментари, во писмена форма до Општина Пехчево, ул. „Равен„ бр. 8, 2326 Пехчево.

Градоначалник на општина Пехчево

Александар Китански